РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

08-127/8

21. 10 22

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 39 седница одржана на 08.06.2022 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Криминалистика", втор циклус на стручни студии (60 ЕКТС), на Факултет за детективи и безбедност при Американски универзитет на Европа - ФОН**

1. Се акредитира студиската програма „Криминалистика", втор циклус на стручни студии (60 ЕКТС), на Факултет за детективи и безбедност при Американски универзитет на Европа - ФОН, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2022/2023 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и се стекнува со стручни назив: Специјалист по криминалистика /во меѓународен промет стручни студии назив: Specialist for criminalistics.

4. Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки
Научно – истражувачко поле: 516 Безбедност
Научно – истражувачка област: 51600 Општа криминалистичка теорија, 51601 Криминалистичка методика, 51603 Криминологија, 51609 Основи на науката на полицијата.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 80 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

---

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 07-30/26 од 12.01.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Криминалистика", втор циклус на стручни студии (60 ЕКТС), на Факултет за детективи и безбедност при Американски универзитет на Европа - ФОН, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.11-94/1 од 24.01.2022 година (наш бр. 08 - 127/1 од 28.01.2022 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 31-та седницата одржана на 09.02.2022 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 127/6 од 01.07.2022 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 39 та седница одржана на 08.06.2022 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова